

# СООЧУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА COVID-19 ВО МАКЕДОНСКИТЕ ЗАТВОРИ И УСТАНОВИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ЛИЦА ЛИШЕНИ ОД СЛОБОДА

**Д-р Елена Мујоска Трпевска**
**М-р Константин Битраков**
Центар за стратегиски истражувања, МАНУ

Скопје, април 2020

**ВОВЕД**

Правото на заштита на здравјето е загарантирано со член 11[1] од Европската социјална повелба со кој се надополнуваат членовите 2 и 3[2] од Европската конвенција за човекови права. Ова важи за сите вклучувајќи ги и лицата лишени од слобода и лицата на кои им е изречен притвор. Осудените и притворените полнолетни и малолетни лица, но и лицата на кои им е ограничена слободата поради некоја друга причина (мигранти, бегалци и баратели на азил, лица сместени во психијатриски болници итн.) ги задржуваат сите права кои не им се закон одземени, и со нив треба да се постапуваа непристрасно, хумано и со почитување на основните човекови права.

Европските затворски правила од 2006 година се темелат врз принципот дека *животот во затвор треба да наликува на позитивните аспекти на животот на слобода* (Правило бр.5). Ова правило треба да важи и да се почитува и во услови на вонредна состојба како што е моменталната предизвикана од COVID-19.

Согласно Стандардите на CPT од 2010 година, "[з]дравствената служба во затворите треба да обезбеди редовно прилив на информации за заразните болести како до затворениците така и до затворскиот персонал. Доколку е можно, треба да се врши медицинска контрола и на оние со кои определен затвореник одржува редовни контакти (други осудени лица, затворски персонал, чести посетители) … Затворскиот персонал треба постојано да се обучува во поглед на превентивните мерки". [3] Понатаму во Стандардите се укажува на неопходноста од "[у]потреба на најнови методи за контрола, редовно снабдување со лекови и придружен материјал, достапност на персонал што ќе осигура дека затворениците ги земаат пропишаните лекови во точна доза ... покрај природната светлина и добрата вентилација, мора да има задоволителна хигиена и отсуство на прекубројност".

---

[1] Член 11 ЕСП: Право на здравствена заштита:  Со цел да се обезбеди ефикасно остварување на правото на здравствена заштита, страните се обврзуваат, директно, или во соработка со јавните или приватните организации, да преземат соодветни мерки кои, меѓу другото, имаат за цел: 1 да се отстранат, што е можно повеќе, причините за слабото здравје; 2 да се обезбедат советодавни и образовни капацитети за подобрување на здравјето и развој на чувството за лична одговорност за здравјето; 3 **да се спречат, што е можно повеќе, епидемии, ендемии и други болести,** како и несреќни случаи.

[2] Член 2: *Право на живот* 1. Правото на живот на секој човек е заштитено со закон. Никој не може намерно да биде лишен од живот, освен со извршување на смртна казна, изречена со судска пресуда, со која е прогласен за виновен за кривично дело кое, според законот, се казнува со таква казна. 2. Се смета дека одредбите на овој член не се повредени доколку смртта настапила како резултат на апсолутно потребна употреба на сила: а. во одбрана на секој поединец од незаконско насилство; б. при апсење според закон или спречување на бегство на лице уапсено врз основа на закон; в. при законско спречување на немир или бунт.
Член 3: *Забрана на мачење* Никој не смее да биде подложен на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување.

[3] Извор: https://www.refworld.org/cgi-bin/texis/vtx/rwmain/opendocpdf.pdf?reldoc=y&docid=4d7882412.

**ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО СПРЕЧУВАЊЕ НА ПАНДЕМИЈА COVID-19**

На 15 март 2020 година, **СЗО Европа** (World Health Organization, Regional office for Europe) донесе Привремен водич за подготовка, превенција и контрола на COVID-19 во затворите и другите установи за лишување од слобода. Во документот внимателно се образложени сите насоки и препораки за преземање мерки за заштита на правото на живот и здравјето на затворениците и вработените во затворите. Според водичот, затворениците треба да продолжат да имаат пристап до информации, правна помош и независни механизми за жалби. Механизмите за набљудување на затворите (пр. НПМ) треба да бидат во можност да продолжат да ја следат ситуацијата, притоа да преземаат мерки на претпазливост за да се избегне изложеноста на луѓето на понатамошни ризици.[4]

Затворениците треба да имаат пристап до информации и правна помош, односно да бидат во можност да ја следат ситуацијата со COVID-19. Државите да обрнат особено внимание на нивна заштита.

**Советот на Европа** изминатиот период објави значајни документи и информации како алатка за олеснување и подобрување на начинот на постапување со лицата лишени од слобода.

Работната група на Советот за пенолошка соработка **PC-CP WG** (The Council for Penological Co-operation Working Group), во соработка со Европската организација на Затворските и поправните служби, ЕуроПрис (European Organisation of Prison and Correctional Services (EuroPris) и Конфедерацијата за европски проба, ЦЕП (Confederation of European Probation (CEP) укажуваат до надлежните органи и директорите на пенитенцијарни установи за почитување на документите и насоките што периодов се донесуваат и редовно се ажурираат. Така, На 20 март 2020 година **Комитетот на Советот на Европа за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување (CPT)** објави Принципи кои се однесуваат на третман на лица лишени од слобода во контекст на пандемијата СОВИД-19.

СРТ во овој документ јасно укажува на секојдневните специфични предизвици за вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи низ државите вклучувајќи ги полициските станици каде се задржуваат лица, центрите за сместување на мигранти, психијатриските болници и домовите за социјално згрижување на лица, како и

[4] Повеќе информации на: http://www.euro.who.int/__data/assets/pdf_file/0019/434026/Preparedness-prevention-and-control-of-COVID-19-in-prisons.pdf?ua=1.

во различните новоформирани установи/зони каде се сместуваат лица во карантин (во натамошниот текст: пенитенцијарни установи).

Свесни дека поминуваме низ период каде што е примарен јасниот императив за преземање одлучна акција за борба против COVID-19, CPT со овој документ апелира до сите засегнати лица на апсолутна забраната на тортура и нечовечко или понижувачко постапување, односно дека преземањето на заштитни мерки не смее да резултира со нечовечко или деградирачко постапување со лицата кои се лишени од слобода.

Кога се спроведуваат мерки за заштита на лицата лишени од слобода, треба да се внимава тие да не резултираат со нечовечко или деградирачко постапување.

Пример: ако се ограничува правото на затворените лица да контактираат со надворешниот свет, тоа треба да биде пропорционално. На затворениците да им се објасни зошто посетите се намалуваат, но и да им се овозможи алтернативен начин да комуницираат.

Имено, сите релевантни власти на државите членки на СЕ кои се одговорни за лицата лишени од слобода, мора да ги почитуваат **следните принципи**:

- ⇒ Основниот принцип мора да биде преземање на сите можни активности за заштита на здравјето и безбедноста на сите лица лишени од слобода. Преземањето на таквите активности исто така придонесува кон заштита на здравјето и безбедноста на затворскиот персонал и вработените во останатите институции.
- ⇒ Упатствата на СЗО за борба со пандемијата, како и националните здравствени и клинички упатства конзистентни со меѓународните стандарди мора да се почитуваат и имплементираат целосно на сите места за лишување од слобода.
- ⇒ Треба да се засили достапноста на персоналот, и истиот треба да добие професионална поддршка, здравствена заштита, заштита на безбедноста, како и обука која е потребна со цел да биде во можност да продолжи да ги исполнува задачите на местата за лишување од слобода.
- ⇒ Било која рестриктивна мерка која се презема vis-à-vis лицата кои се лишени од слобода за спречување на ширењето на COVID-19 треба да има правна основа и да биде неопходна, пропорционална, да го почитува човечкото достоинство и да биде

временски ограничена. Лицата кои се лишени од слобода треба да добијат детални и сеопфатни информации на јазик кој го разбираат за таквите мерки.

⇒ Со оглед на фактот дека блискиот личен контакт го охрабрува ширењето на вирусот, треба да се направат напори од страна на сите релевантни власти за примена на алтернативни решенија на лишувањето од слобода. Таквиот пристап е императив, посебно во ситуации на пренатрупаност. Понатаму, властите треба почесто да применуваат алтернативи на притворот, замена на казната, предвремен отпуст и пробација; да направат повторна проценка на потребата да се продолжи со задолжително упатување на пациенти во психијатриски установи; отпуст или сместување во живеалишта за социјално згрижување, онаму каде е истото применливо; и во максимална мера да се воздржат од задржување на мигранти.

⇒ Во однос на обезбедувањето на здравствената заштита, ќе биде потребно да се посвети посебно внимание на специфичните потреби на лицата лишени од слобода, посебно во однос на ранливите и/или ризичните групи, како што се повозрасните лица и лицата со постоечки медицински дијагнози. Ова меѓу другото вклучува скрининг за COVID-19 и можности за обезбедување на интензивна грижа според потребите. Понатаму, лицата лишени од слобода треба да добијат дополнителна психолошка поддршка од персоналот во ова време.

⇒ Иако е легитимно и разумно да се суспендираат активностите кои не се неопходни, во текот на пандемијата мора целосно да се почитуваат основните права на лицата лишени од слобода. Ова посебно го вклучува правото за одржување соодветна лична хигиена (вклучително и пристап кон топла вода и сапун) и правото за дневен пристап кон отворен воздух (од најмалку еден час). Дополнително, било какви ограничувања на контактот со надворешниот свет, вклучително и на посетите треба да се компензираат со зголемен пристап кон алтернативните начини на комуникација, како телефонска комуникација или протокол за комуникација со пренос на глас преку телефон или интернет.

⇒ Во случаи на изолација или сместување во карантин на лице кое е лишено од слобода, кое е инфицирано или за кое постои сомнеж дека е инфицирано со вирусот SARS-CoV-2, на засегнатото лице треба да му се обезбеди значителен човечки контакт секој ден.

⇒ Основните гаранции за заштита од несоодветно постапување со лица кои се лишени од слобода и за кои се одговорни органите за спроведување на законот (пристап до адвокат, пристап кон лекар, известување за задржувањето) мора целосно да се почитуваат во сите околности и постојано. Во одредени околности може да е потребна примена на мерки за претпазливост (како потребата лицата кои имаат симптоми да носат заштитни маски.

⇒ Мониторингот од страна на независни тела, вклучувајќи ги Националните механизми за превенција (НПМ) и СРТ останува основна заштита од несоодветно постапување. Државите треба да продолжат да им го гарантираат пристапот на телата за мониторинг кон сите места за лишување од слобода, вклучително и на местата каде лицата се сместени во карантин. Сепак, сите тела за мониторинг треба да ги преземат сите мерки на претпазливост за да се испочитува принципот „да не се наштети'', посебно кога се работи за повозрасни лица и лица со веќе постоечки медицински состојби.[5]

На 6 април 2020 година **Комесарот за човекови права на Советот на Европа** ги повика земјите-членки на Советот на Европа да ги заштитат правата и здравјето на сите лица во затвор за време на пандемијата COVID-19. Во својата изјава, ги нагласи следните аспекти:

⇒ Затворениците и лицата во притвор спаѓаат во најранливата категоријата на вирусната зараза бидејќи се сместени во многу ризично опкружување. Затворските и притворските простории не се отпорни на епидемии од големи размери, а основните заштитни мерки како што се социјалното дистанцирање и правилата за хигиена не можат да се почитуваат толку лесно како надвор, со што затворениците и притворениците се изложени на поголеми здравствени ризици. Во многу европски земји се одржуваат пандемиските штрајкови во однос на пренатрупани затвори и лоши услови на притвор во тешки, колективни ќелии, со незадоволителни здравствени услуги, како и повисоки стапки на заразни и хронични заболувања кај притворените лица, како што се туберкулоза, дијабетес и ХИВ. Во цела Европа, веќе се пријавени голем број на заболувања и некои смртни случаи поврзани со СОВИД-19 во затвор; тензијата во затворите се зголеми од почетокот на пандемиската криза, што доведе до протести (понекогаш насилни) како реакција на ограничувањата за посети или други активности.

⇒ За да се спречат појава на големи појава на коронавирус во пенитенцијарните установи, неколку земји-членки иницираа ослободување на одредени категории на затвореници. Многу други ја прилагодуваат казнената политика, со цел да се намали нивната затворска популација преку разни средства, вклучително привремено или рано ослободување и амнестија; домашен притвор и условен отпуст како и суспендирање на истраги и одлагање на извршување на казните. Земјите членки мора да ги користат сите достапни алтернативи за лишување од слобода секогаш кога е можно и без дискриминација.

---

[5] Целиот текст на документот е достапен на: https://www.coe.int/en/web/cpt/-/covid-19-council-of-europe-anti-torture-committee-issues-statement-of-principles-relating-to-the-treatment-of-persons-deprived-of-their-liberty-
Неофицијалниот превод на македонски јазик е достапен на: https://rm.coe.int/16809dd40b.

⇒ Според релевантните стандарди за човекови права, како што е наведено од Европскиот комитет за спречување тортура и нечовечно или понижувачко постапување или казнување (CPT) во своите Принципи за COVID-19, прибегнувањето кон алтернативи за лишување од слобода е императив во ситуации на пренатрупаност и уште повеќе во случаи на вонредна состојба. Посебно внимание треба да се посвети на оние затвореници со основни здравствени состојби; постари лица кои не претставуваат закана за општеството; и оние кои се обвинети или осудени за помали или ненасилни престапи. Намалувањето на бројот на осуденици е неопходно низ цела Европа за да се обезбеди ефикасно спроведување на санитарните регулативи и да се олесни зголемениот притисок врз затворскиот персонал и казнено-поправниот систем како целина. Во меѓувреме, на лицата ослободени од притвор на кои им е потребна поддршка треба да им се даде соодветен пристап до сместување во итни случаи и основни услуги, вклучително и здравствена заштита. Јасно е, во овој контекст, исто така е уште побитно дека тие лица, вклучително и бранители на човековите права, активисти и новинари, кои се - во некои земји членки - притворени за кршење на стандардите за човекови права, веднаш и безусловно ќе бидат ослободени.

⇒ Владите мора да ги почитуваат човековите права на сите што остануваат во лишени од слобода за време на пандемијата COVID-19, и да ги земаат предвид специфичните потреби на најранливите осуденици, лицата со инвалидитет, бремените жени и малолетните сторители. Сите ограничувања наметнати на осудените треба да бидат недискриминаторски, неопходни, пропорционални, временски ограничени и транспарентни.

⇒ За ефикасно соочување со предизвикот против појава на коронавирус во пенитенцијарните установи, земјите-членки треба итно да усвојат и спроведат хуман и сеопфатен план за криза поддржан од соодветни човечки и финансиски ресурси, кој одговара на специфичните затворски потреби и на осудените лица и на затворскиот персонал. Ова треба да се направи во консултација и соработка со релевантни засегнати страни за човекови права, особено со Националните превентивни механизми, други независни тела за набљудување, национални структури за човекови права и НВО за човекови права.[6]

**Европскиот суд за човекови права** исто така, презема исклучителни мерки за да одговори на глобалната здравствена криза, вклучувајќи и итни барања за привремени мерки согласно Правило 39 од Конвенцијата.

---

[6] Види повеќе на: https://www.coe.int/en/web/commissioner/-/covid-19-pandemic-urgent-steps-are-needed-to-protect-the-rights-of-prisoners-in-europe.

За справување со влијанието на COVID – 19 врз човековите права а во насока на унапредување на санкциите и мерките, Советот на Европа постојано соработува со голем број донатори, спроведува бројни проекти[7] и на тој начин помага на земјите-членки за развивање на стратешки пристап кон обезбедување на здравствена заштита во затворите.

**СОСТОЈБА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Имајќи ја предвид актуелната ситуација и прогласувањето на вонредна состојба заради заштита и справување со последиците од вирусот COVID-19, во државата се преземаат мерки и активности за олеснување на предизвиците со коишто се соочуваат осудените и притворените лица, но и вработените во местата на лишување од слобода.

> Терминот лишување од слобода се толкува широко и не подразбира само издржување на казна затвор. На пример, и лицата во прифатни центри за странци се ценат како лишени од слобода од аспект на стадардите за заштита.

Лишување од слобода[8] значи која било форма на притвор или затворање, или задржување на лица во јавни или приватни капацитети во кои на лицето не му е дозволено своеволно да ги напушти, а по наредба на судски, административен или друг орган (полициски станици, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, центри за сместување и задржување на мигранти, бегалци и баратели на азил, психијатриски болници, социјални установи, различни ново-воспоставени места, односно центри и установи за сместување на лица во т.н. карантин и други места).

Управата за извршување на санкции при Министерството за правда, веднаш по донесените и препорачаните мерки од страна на Владата на Република Северна Македонија на 10.03.2020 година[9] донесе Наредба по која треба да се постапува во сите казнено-поправни установи во државата, а за нејзино спроведување во секоја установа беа донесени дополнителни интерни наредби со попрецизни правила на однесување за спроведување на Наредбата донесена од Управата.

---

[7] За преземените активности и тековни проекти: https://www.coe.int/en/web/criminal-law-coop.

[8] Термин преземен од: www.ombudsman.mk во согласност со укажувањата од СРТ.

[9] На почеток беше предвидено овие мерки да траат 14 дена од 11.03.2020 до 24.03.2020 година а потоа истото е продолжено до крај на вонредната состојба воведена во врска со пандемијата.

Со наредбата, на територијата на целата држава привремено се забранија погодностите на осудените лица односно:

- почести контакти со семејството посети во и надвор од установата
- домашно отсуство,
- годишен одмор и
- работно ангажирање надвор од установата.

Исто така директорите на казнено-поправните установи се задолжени да ги спроведуваат сите мерки на претпазливост препорачани од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, а за се што е преземено, истите на неделна основа ја информираат Управата.

За спроведување на споменатите препораки, во секоја од казнено - поправните установи се преземаат следните мерки:

⇒ секојдневна дезинфекција на просториите во кои престојуваат осудените лица, во сите простории каде се движат и работат, просториите каде се подготвува и складира храната, ходниците, тоалетите и бањите, работните и сите други простории каде престојува персоналот во КПУ;

⇒ на осудените лица им се поделени ракавици, течен шампони, сапуни и гел за дезинфекција за подигање нивото на личната хигиена на секое лице, како и подигање на вкупното ниво на хигиена во целиот простор каде престојуваат и зачестено проветрување;

⇒ на влезовите во просторот каде престојуваат осудените лица, а и онаму каде работи и се движи персоналот, поставени се препарати за дезинфекција на рацете и обувките;

⇒ со средства за дезинфекција се прскаат сите работни површини кои се допираат и се на дофат на лицата, а исто така секојдневно се прскаат со соодветен препарат и подовите во сите простории;

⇒ комплетно се дезинфицира и Арестанското одделение во Клиничкиот центар во Скопје;

⇒ во сите казнено - поправни установи се набавени безконтактни топломери со кои редовно им се контролира телесната температура на осудените лица;

⇒ секое новодојдено осудено или притворено лице, по приемот во установата се сместува во изолирана просторија за да се спречи контакт со здравите лица, каде останува во изолација најмалку 14 дена и

⇒ на осудените лица не им се доделени заштитни маски затоа што немаат контакти со надворешниот свет, додека вработените во затворите се задолжени да носат маски и

ракавици додека се во установата, затоа што доаѓаат на работа во КПУ од надворешниот свет.

Според укажувањата на надлежните во Управата за извршување на санкции[10] сите преземени превентивни мерки се ефикасни и во македонските казнено - поправни установи до 31 март 2020 немало случаи на инфицирани осудени, притворени или вработени лица. Во периодот од 1 до 23 април 2020 пријавени се два случаи на починати лица во Затвор Скопје. Кај едниот случај посмртно е детектиран вирусот а за вториот случај испитувањата се во тек. [11]

Во своите Препораки за постапување со лицата лишени од слобода во услови на пандемијата, објавени на 26 март 2020 година, **Народниот правобранител – Национален превентивен механизам** во рамките на своите овластувања согласно чл.31 од Законот за народен правобранител[12] посебно внимание посветува на заштитата на уставните и законските права на лицата лишени од слобода. Согласно член 31-а, во вршењето на превенцијата од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување има надлежност редовно да го испитува постапувањето кон лицата лишени од слобода, дава препораки на релевантните органи со цел подобрување на постапувањето и условите во местата на лишување од слобода, и предлага измени и дополнување на законски прописи. Во своите препораки, Омбудсманот апелира дека: *"забраната за тортура и друг вид на сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување е апсолутна и никакво отстапување од ваквата забрана не може да биде оправдано, под какви било основи и околности, па дури и во случаи на вонредна, воена или каква било друга состојба на политичка нестабилност".* [13]

Имено, забраната за тортура и друг вид на сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување е императивна одредба која има специјален статус во меѓународната заштита на човековите права, содржана во голем број меѓународни и регионални договори и дел од меѓународното обичајно право обврзувачко за сите држави. Ваквиот карактер на забраната, истовремено наметнува и позитивна обврска за државата

---

[10] За целите на овој истражувачки извештај беше доставено барање за информација од јавен карактер до надлежните во УИС на 22 април 2020. Истиот ден беше одговорено на барањето.

[11] *"Во врска со починатиот притвореник во Затвор - Скопје кој почина од инфаркт, посмртно беше детектиран вирус, но тој немал симптоми а тестовите од останатите осудени лица и од вработените се негативни. Вториот 23 годишен починат притвореник, починал во спиење поради слабост на срцев мускул, а токсиколошките резултати сеуште не се готови за евентуално присуство на наркотици"*, од Одговорот на УИС по барањето за информации од јавен карактер.

[12] Службен весник на Република Македонија, бр. 60/2003, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018.

[13] Види: http://ombudsman.mk/mk/novosti_i_nastani/241625/preporaki_za_postapuvanje_so_licata_lisheni_od_sloboda_vo_uslovi_na_pandemija_od_virusot_kovid-19.aspx.

од преземање на соодветни мерки за превенција од појава на какви било акти на тортура и друг вид на сурово, нечовечко и понижувачко постапување или казнување.[14]

Народниот правобранител – Национален превентивен механизам потенцира дека мерките и активностите што се преземаат заради заштита и справување со последиците од пандемијата на вирусот COVID-19 не смее да резултираат со каков било нечовечки или понижувачки третман спрема лицата лишени од слобода и препорачува надлежните власти во постапувањето со овие лица да ги имаат предвид претходно наведените Принципи на CPT.

## УРЕДБИ СО ЗАКОНСКА СИЛА ПОВРЗАНИ СО ПЕНИТЕНЦИЈАРНИТЕ УСТАНОВИ

Откако беше прогласена вонредната состојба со Одлуката објавена во Службен весник бр. 68/2020, донесена е само една Уредба со законска сила за примената на Законот за извршување на санкциите. Таа е објавена во Службен весник бр. 95/2020.

Оваа Уредба со законска сила е несомнено донесена со цел да се спречи односно намали приемот на нови лица во пенитенцијарните установи, а со тоа и да се неутрализира ризикот од проширување на COVID-19 во нив. Во неа се предвидува следното:

- ⇒ Судиите за извршување на санкциите нема да издаваат упатни акти за извршување на казните затвор до три години сѐ до 1 септември 2020 година, освен во предметите каде постои опасност од застарување.
- ⇒ Ако упатен акт е веќе доставен, неговото извршување се одложува до 01.09.2020 година, освен за упатни акти за кои веќе се издадени меѓународни потерници.
- ⇒ Лицата кои се наоѓаат на издржување на мерката притвор, по правосилноста на пресудата веднаш се упатуваат на издржување на казна затвор.

Во неколку други уредби (објавени во Службен весник бр. 94/2020, 97/2020 и 103/2020) се опфаќа затворската полиција – припадниците на затворската полиција се изземаат од уредбите со законска сила кои се однесуваат на вработените во јавниот сектор, а со кои се ограничуваат некои нивни права (на пример, исплатата на додатоци на плата, слободата во користењето на годишниот одмор и слично).

## СОСТОЈБА ВО ОСТАНАТИ ДРЖАВИ

Затворите ширум светот[15] се потенцијални извори на инфекција за време на пандемијата. Здравствените експерти предупредуваат дека зад решетките, социјалното

---

[14] Ibid.
[15] Најнови информации достапни на: https://rm.coe.int/09000016809e32ee.

растојание е скоро невозможно, медицинските услуги можат да бидат дефицитарни, па дури и санитарното средство за раце може да е штетно поради неговата содржина на алкохол.

Советот на Европа го објави својот годишен извештај SPACE I за Европската криминална статистика. Според оваа студија[16], **Турција** е европска земја со најголем број пренатрупани затвори со 122,5 затвореници на секои 100 места. Следат **Белгија** (120,6), **Италија** (118.9) и **Франција** (116,5).

Според **Sauth Caucasus countries in CoE imprisonment statistics**, од 2018 до 2019 година бројот на затвореници на 100 000 жители, останал стабилен во Европа. На 31 јануари 2019 година, во 50 затворски администрации (од вкупно 52) од државите членки на Советот на Европа имало **1.540.484 затвореници,** што значи дека вкупната стапка на криминалитет (како индикатор е земена должината на затворските казни), **изнесува 106 затвореници на 100.000 жители.[17]** Процентот на лица во притвор од вкупниот број затвореници, исто така, останал непроменет и изнесувал 22 отсто.[18]

Слика 1: Осудени лица според должината на казната, во проценти (31 јануари 2019)[19]

[16] Извор: https://es.euronews.com/2020/04/07/que-paises-europeos-tienen-las-carceles-mas-masificadas-durante-la-pandemia-de-coronaviru

[17] *Земјите со највисоки стапки на затвор се* Русија (386 затвореници на 100 000 жители), Турција (329), Грузија (270), Литванија (232), Азербејџан (218) и Чешка (203). *Најниски стапки на затвор* има во Исланд (40), Финска (50), Холандија (56), Шведска (60), Норвешка (61), Босна и Херцеговина (Република Српска) (66), Словенија (67) ), Данска (69), Ерменија (76) и Германија (77), извор: https://caucasuswatch.de/news/2593.html.

[18] Извор: https://tv21.tv/mk/sovet-na-evropa-stapkata-na-zatvorenitsi-vo-evropa-nepromeneta-vo-2019-vo-makedonija-namalena/

[19] Aebi, M. F., & Tiago, M. M. (2020). SPACE I - 2019 – Council of Europe Annual Penal Statistics: Prison populations. Strasbourg: Council of Europe




*Извор: SPACE I – 2019, CoE*

Држави со зголемена стапка на криминалитет се: Турција (+ 13%), Кипар (+ 11%), Данска (+ 9%), Бугарија (+ 8%), Georgiaорџија (+ 7%), Велика Британија (Шкотска) (+ 7%), Грција (+ 6%) и Шведска (+ 6%). **Најголем пад има во стапките на криминалитет има во Северна Македонија (-29%)** и во Ерменија (-36%)**,** по што следат Исланд (-14%), Босна и Херцеговина (Република Српска) (-11%), Романија (-10) %), Република Молдавија (-8%), Русија (-8%), Азербејџан (-7%), Норвешка (-7%), Латвија (-6%) и Естонија (-5%).

Земји со најдолг просечен затвор се: Азербејџан (37 месеци), Португалија (32), Република Молдавија (26), Чешка (24), Романија (23), Шпанија (21), Естонија (16) и Италија (15). [20]

Просечната возраст на лицата кои се наоѓаат во европските затвори е 35 години. Околу 15% од затворениците се на возраст **од над 50 години**, иако во некои земји процентот оваа старосна категорија затвореници значително поголем, како Бугарија (35 %), Италија (25 %), Португалија (21 %), Норвешка (20 %), Шпанија (20 %) и Словенија (19 %). Најголем број затвореници на возраст **од над 65 години** има Турција (3.521), пред Велика Британија (2.995), Русија (2.895), Италија (2.257), Франција (1.448), Полска (1.322) и Шпанија (1.263).

[20] Истражувањето покажа дека должината на затворот во Европа падна од 8,2 месеци во 2017 година на 7,7 месеци во 2018 година, што претставува намалување од 5,4%. Ibid.

Најголем процент на затворени лица постари од 65 години има во казнено-поправни установи во **Северна Македонија (9,1 %)**, Хрватска (5,9 %), Албанија (4,6 %), Италија (3,7 %), Велика Британија (3,6 %), Литванија (3,4 %) и Словенија (3,3 %).[21]

Слика 2: Приказ на затвореници на возраст од 50 или повеќе години, во проценти (31 јануари 2019)[22]




*Извор: SPACE I – 2019, CoE*

На 7 април 2020 година, **Турција** донесе предлог закон за привремено ослободување на затворениците со цел намалување на пренатрупаноста во затворите и заштита на осудените лица од вирусот. Со предложениот закон 45.000 затвореници привремено би биле ослободени со што ќе се намали распространувањето на вирусот во затворите. Дополнителни 45.000 затвореници ќе бидат трајно ослободени како резултат на долгорочниот план за намалување на пренатрупаност во затворите во Турција.[23]

---

[21] Извор: https://tv21.tv/mk/sovet-na-evropa-stapkata-na-zatvorenitsi-vo-evropa-nepromeneta-vo-2019-vo-makedonija-namalena/

[22] Aebi, M. F., & Tiago, M. M. (2020). SPACE I - 2019 – Council of Europe Annual Penal Statistics: Prison populations. Strasbourg: Council of Europe

[23] Одлуката за донесување предлог закон наиде на остри критики бидејќи истата не ги опфаќа илјадниците осуденици за тероризам од неуспешниот пуч против Ердоган во 2016 година, извор: https://www.reuters.com/article/us-health-coronavirus-turkey-prisoners-idUSKBN21P1WW.

Во **Италија** се забележани немири и востанија во десетина затвори заради тензиите предизвикани од стравот од новиот вирус. Во десетина италијански затвори има немири и востанија. Во затворот San Vittore во Милано, еден од најголемите затвори во земјата, некои затвореници изложија транспарент со зборот „помилување“.



*Извор: www.euronews.com*

Ескалирањето на состојбата се должи на прекинувањето на неделните посети на кои затворениците имаат право, како обид на надлежните да го спречат ширењето на COVID-19 во затворите. Шестмина мртви се регистрирани во затворот Modena на северот. Во најмалку три случаи станува збор за предозирање, откако затворениците упаднале во болницата и своеволно земале лекови.[24]

Повеќе од 200 осудени лица во **Словенија** се ослободени од затвор, за да се спречи опасноста од ширење на вирусот во (веќе) преполните затвори. Врз основа на неодамна донесениот закон со кој се дозволува привремено или предвремено ослободување за време на пандемијата на COVID-19, затворските казни се суспендирани за 68 осудени лица, а 15 предвремено се ослободени и повеќе нема да се вратат во затвор. Поради постојаниот ризик, затворската администрација извести 130 затвореници, кои со претходна дозвола од

[24]Штетата од овие немири е непроценлива. Во Pavia, затворениците зедоа во заложништво двајца полицајци и ослободија десетици затвореници пред да бидат спречени од полицијата. Во Foggia, во јужниот регион Apulia, десетици затвореници побегнале откако ја искршиле вратата. Според синдикатот на затворската полиција, повеќе од триста избегале. Повеќе на: https://es.euronews.com/2020/03/10/motines-en-las-prisiones-italianas-por-el-coronavirus.

затворската администрација, беа во посета на своите семејства, дека не треба да се вратат да ја издржат казната додека не се смири состобата со пандемијата.[25]

Во **САД** како држава со со најголем број на затвореници во светот (заклучно со јануари 2019 година, во американските затвори имало 2.12 милиони затвореници), започна ослободувањето на осудени лица поради страв од ширење на вирусот. Државните власти даваат приоритет на лица кои се изложени на ризик и стари лица, вклучувајќи ги приближно 10.000 федерални затвореници на возраст над 60 години - групи за кои првичните податоци покажуваат дека се потешко погодени од COVID-19.[26]

## ПРЕПОРАКИ

Покрај насоките предвидени во Уредбата со законска сила објавена во Службен весник бр. 95/2020, со која ќе се спречи односно намали приемот на нови лица во пенитенцијарните установи и намалување на ризикот од проширување на COVID-19, се препорачува и следното:

- Сите релевантни надлежни органи да воведат итни мерки (привремени или трајни) за намалување на пренатрупаноста во затворите. Згрижувањето и надзорот врз повеќе затвореници отколку што овозможува сместувачкиот капацитет на установите е штетно и за осудените лица и за затворскиот персонал. Оваа препорака може да се оствари со донесување Закон за амнестија или преку преместување на осудените лица од установа со прекумерен број осудени лица во установа што не ги исполнила максималните сместувачки капацитети.

- Да се обезбедат современи мерки за комуникација со надворешниот свет за секое осудено лице, без физички контакт. На тој начин се задржува контактот на осудените лица со нивните семејства и правните застапници и се намалува појавата на затворски депривации.

- Да се ослободат одредени категории на затвореници (ранливи групи на затвореници заради нивната возраст или здравствена состојба), малолетни лица, бремени жени или жени со деца до две години, затворениците кои се пред истек на казна и ниско ризични сторители (осудени за лесни кривични дела, дела од небрежност и сл.).

---

[25] Извор: https://tv21.tv/mk/poveke-od-200-zatvorenitsi-vo-slovenija-na-privremen-odmor-poradi-epidemijata/.
[26] Извор: https://www.aljazeera.com/news/2020/03/coronavirus-prisons-releases-positive-needed-200327193626781.html.

- Да се охрабрат надлежните (судиите и јавните обвинители) за поширока примена на незатворски мерки, воинституционално санкционирање и изрекување на мерки во заедницата.

- Поширока примена на санкции и мерки со напредна технологија (електронски мониторинг) и

- Воспоставување постојана едукативна програма за заразните болести, како за затворениците така и за затворскиот персонал. Таквата програма треба да се осврне на начините на пренесување и заштита, како и примената на адекватни превентивни мерки.

**Д-р Елена Мујоска Трпевска**
**М-р Константин Битраков**

**Скопје**
**24 април 2020**